РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
Уп1 Бр. 03-382
12.02. 2015 година
С к о п ј е

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14) и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-1064/1 од 11.02.2015 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради несоодветно категоризирана програма и емитување во несоодветен временски период за категоријата програма, од страна на Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, Директорот на Агенцијата на ден 12.02.2015 година го донесе следното:

## Решение
## за преземање мерка

1. СЕ ОПОМЕНУВА Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 101/14 и 132/14), и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица („Службен весник на Република Македонија" бр.172/14), на начин што во периодот од 1 до 3 февруари 2015 година, емитуваните играни филмови: „Норбит", „Последен празник (Last holiday)" и „Остин Пауерс, Остинпуси" се означени со погрешна предупредувачка сигнализација; играниот филм „Нема место за старци (No contry for old man)" е соодветно означен како програма од трета категорија (12+), но е емитуван во несоодветен период од денонокието; а играната серија „Измамничка (La impostora)" е емитувана и со погрешна сигнализација и во несоодветно време.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-1064/1 од 11.02.2015 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно.
Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

# Образложение

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, д0зволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 1о1/14 и 132/14), директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки согласно со овој Закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи - Одделението за програмски и административен надзор, на 11 февруари 2015 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 1, 2 и 3 февруари 2015 година, при што со помош на системот на мониторинг констатираше дека во периодот на мониторингот, на програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, играните филмови: „Норбит", „Последен празник (Last holiday)" и „Остин Пауерс, Остинпуси" се означени со погрешна предупредувачка сигнализација; играниот филм „Нема место за старци (No conntry for old man)" е соодветно означен со трета категорија програми (12+), но е емитуван во несоодветен период од денонокието; а играната серија „Измамничка (La Impostora)" е емитувана и со погрешна сигнализација и во несоодветно време. Играните филмови: „Норбит", „Последен празник (Last holiday)" и „Остин Пауерс, Остинпуси" се означени како програми од Прва категорија – наменети за целата публика. Според критериумите од Правилникот за заштита на малолетните лица, филмовите треба да бидат означени со Втора категорија, програми кои не се препорачуваат за деца под 8 години и за чие следење е неопходен надзор од родител или старател. Програмите од Втората категорија може да се емитуваат во текот на целото денонокие. Играниот филм „Нема место за старци (No country for old man)" е соодветно означен како програма од Трета категорија (12+), што не се препорачува за лица под 12 години, но не е емитуван во соодветен временски период. Оваа категорија програма може да се емитува само во периодот од 2о:00 до 05:00 часот. Серијата „Измамничка (La Impostora)" е несоодветно означена како програма од Прва категорија – наменета за целата публика. Според критериумите од Правилникот за заштита на мал0летните лица, општата категорија на целиот серијал треба да се промени во програма од – Трета категорија, што не се препорачува за деца под 12 години, за која е неопходен надзор од родител/старател, а може да се емитува само во периодот од 20:о0 до 05:0о часот.

Повредата од точка 1 став 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-1064/1 од 11.о2.2015 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Следствено на тоа, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-1064/1 од 11.о2.2015 година, поради констатирано непочитување на одредба од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврдено во точка 1 на ова Решение, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение, со кое кон ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, се презема мерка – опомена и со кое на радиодифузерот му наложи, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението. Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги
Директор

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

**Упатство за правно средство:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Прилог (1):

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, бр.10-1064/1 од 11.02.2015 година.

Доставено до:
- Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје;
- Одговорното лице на програмата во правното лице;
- Секторот за правни и економско-финансиски работи;
- Секторот за програмски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.